

# Преглед на дезинформацииите, злонамерните и наведувачки информации во медиумскте содржини од земјата и регионот за актуелни безбедносни теми

U.S. Embassy Skopje

Овој Преглед на дезинформациите, злонамерните и наведувачки информации во медиумскте содржини од земјата и регионот за актуелни безбедносни теми е направен како дел од проектот **„Зајакнување на отпорноста на медиумите против дезинформациите во Северна Македонија“**, што го спроведува **Советот за етика во медиумите на Македонија**, со поддршка од **амбасадата на Соединетите Држави во Скопје.**

Мониторингот на медиумските содржини, со цел да се изработи овој преглед на  дезинформациите, злонамерните и наведувачки информации од земјата и регионот за актуелни безбедносни теми, е спроведен од 24 септември до 24 октомври 2024 година.

Изборот на содржините е направен врз основа на кластерите од наслови што се формираа на агрегаторот Time.mk во овој период, како портал кој собира, класифицира и подредува медиумски содржини од 120 медиуми што е репрезентативна бројка за сеопфатен избор на медиумски извори.

Time.mk ги организира вестите на тој начин што информации од различни извори, за еден ист настан, се појавуваат во една група. Ние ова го нарекуваме «кластер.»

Овој пристап ги групира насловите од различни извори заедно, со што им обезбедува на корисниците различни перспективи за одредено случување. Со кликнување на линкот «поврзани вести» можете да ги видите сите објавени вести за дадениот настан.

Насловите на почетната страница на Time.mk се избираат со компјутерска формула, врз основа на повеќе фактори, вклучувајќи колку често и на кои сајтови се појавува приказната. Во суштина, алгоритомот на Time.mk го пресметува бројот на оригинални статии што се објавени од уредниците, со цел да се одреди големината на една приказна, чија тежина исто така се пресметува и врз основа на тоа колку таа приказна е нова.

Од овие причини, како и од фактот што Time.mk ги „собира“ медиумските содржини и од традиционланите (електронски и печатени) медиуми што имаат веб страници и од исклучиви онлајн медиумите, сметавме дека кластерите на овој агрегатор се соодветен избор за ваков преглед на дезинформациите, злонамерните и наведувачки информации во медиумските содржини од земјата и регионот за актуелни безбедносни теми.

Бидејќи дезинформациите и злонамерните и наведувачки информации не познаваат територијални граници и бидејќи се движат по принципот на осмоза низ различни тематски кластери, во определување на методологијата за овој преглед  (но и за тој да биде посеопафетен), го поделивме на тематски блокови што беа најактуелни во периодот на мониторингот за изработка на оваа анализа.

Тргнувајќи од таа определба содржините од интерес за прегледот се класифицирани во следните тематски блокови: Северна Македонија и меѓуетничките односи; Безбедносните прашања во регионот; Војната во Украина; Кризата и воените дејствија на Блискиот Исток; и Претседателските избори во САД.

Изборот на овие тематски блокови се совпаѓа и во наводите на прирачникот „Уредувачки насоки и најдобри практики за проверка на факти и безбедносни информации“, во издание на Советот за етика во медиумите во Македонија“, исто така дел од проектот „Зајакнување на отпорноста на медиумите против дезинформациите во Северна Македонија“.

Во поглавјето „Уредувачки насоки“ на прирачникот, врз основа на наодите на студијата на Европскиот Парламент објавена во 2021 година, „Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them“ пропагандните центри, домашните и оние во странство - на исток, имаат идентификувано 4 столбови на кои се потпира и на кои функционира македонското општество, а кои се определени како цел на нивните активности. Тоа се: Меѓуетничките односи; Соседските односи; Врските со ЕУ и НАТО; и Критичните политички процеси поврзани со иднината и равојот на земјата – по правило изборните процеси.

Првите два од овие критични столбови се совпаѓаа и со тематските блокови на овој преглед (Северна Македонија и меѓуетничките односи и Безбедносните прашања во регионот). Другите три (Војната во Украина; Кризата и воените дејствија на Блискиот Исток; и Претседателските избори во САД), не се непосредно врзани Северна Македонија, но заради огромното влијание што го имаат како кризни жаришта во кои се испреплетени интересите не само на директно засегантите страни и кои имаат „радијација“ пошироко, па дури и глобално, медиумските содржини за настаните поврзани со овие тематски блокови секако се од интерес и за посредните безбедносни аспекти поврзани со нашата земја и со регионот.

Тематски блок I

# „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ“ МОЖЕ ДА ДОБИЕ НАСЛОВ: „СЕ ТРЕСЕШЕ ГОРАТА, СЕ РОДИ– ГЛУВЧЕ“

Тематскиот блок „Северна Македонија и меѓуетничките односи“ како тема за оваа анализа се наметна од репетитивното инситирање на одделни претставници на Владата на Северна Македонија, вклучувајќи го и премиерот Мицкоски кој во неколку наврати рече дека „има индиции дека високи поранешни функционери, кои располагаат со милионски суми, мобилизираат луѓе на терен за манипулација и се обидуваат да испровоцираат етнички конфликт“.

Поттикнати од овие изјави, медиумите со посебно внимание ги следеа настаните што имаа „полнење“ да предизвикаат меѓуетнички тензии, и во најголем дел, овие содржини „страдаа“ од врамување дека се можеби индиции што ги потврдуваат најавите на премиерот и на другите претставници на Владата.

Кон средината на септември, серија такви содржини најавија такво сценарио, а на социјалните мрежи се појави видео снимено околу црквата Св. Петка во госитварското село Галате. Во видеото, што беше пренесено од голем број македонски медиуми, без дополнителен контекст, се гледа багер и полицајци околу црквата. Тој што го снима видеото тврди оти тој и други биле спречени во чистењето и реновирањето на црквата и дека полицајците „добиле насоки од обвинител“ да ги приведат сите.

Неколку часа по објавата на видеото, Јавното обвинителство соопшти дека „јавен обвинител нема издадено наредба за приведување или задржување на ниту едно лице“ во случајот. Станувало збор за пријава поднесена од општина Врапчиште за недозволено вршење градежни работи во непосредна близина на магистрален пат.

Од СВР Тетово, исто така, соопштија дека на 09.09.2024 г. полицајците излегле на терен по пријава од инспектор за урбанизам од општина Врапчиште. При увидот тие разговарале со граѓани што го чистеле црковниот двор и околината на самиот објект.

„Притоа не се одземени никакви предмети од затекнатите граѓани, ниту пак е извршено некакво приведување.

За настанот е известен надлежен ОЈО“, рекоа тогаш од МВР.

Но, ова не ги спречи медиумите да објавуваат непотврдени и манипулативни содржини што можат да поттикнат меѓуетничка нетрпеливост. Медиумот Антропол (партиско гласило на Левица) во насловот пишува дека изгледало „Како да апсат терористи!“. Телма пренесе оти била „запрена изградба на црква во Галате со интервенција на полицијата“, иако воопшто не станува збор за изградба на црква.

Лидер го пренесе во целост текстот што конзервативниот инфлуенсер „Боемот“ го напишал за ситуацијата на социјалната мрежа Инстаграм. „Боемот“ дава своевиден историски и географски контекст за црквата, дека таа наводно била „многу оштетена“ во конфликтот во 2001 година. Инфлуенсерот потенцира дека сите села во близина се албански, освен Галате, кое е „македонско и целосно православно“. Тој пишува дека градоначалникот на Врапчиште Исен Шабани (за кого потенцираше дека е „поставен“ од ДУИ) ги викнал полицијата и обвинителот за да ја спречи „изградбата на црквата“.

Тој исто така тврди дека имало и неколку Албанци што помагале во реставрацијата на црквата бидејќи „религијата е над сè“.

Јавното обвинителство дополни дека работата на црквата е прекината, додека полицијата најави дека по насоки на јавен обвинител „ќе изврши увид на лице место со цел да утврди каков е статусот на објектот и на работата околу црквата“.

„Ќе се утврди како и дали во целиот настан воопшто има елементи на кривично дело“, соопштија од МВР.

Министерството за внатрешни работи најави дека ќе објави соопштение со детален опис на настаните, како и за тоа кои мерки ги презеле.

Епилогот на овој настан е недоразбирање или отсуство на координација меѓу граѓаните на општината кои тргнале со иницијатива да го расчистат сметот околу црквата и општинските власти кои тоа го сфатила како комунален проблем што не ги исполнува прописите.

Ова е уште еден случај што одново ја стави во преден план чувствителноста на меѓуетничките односи во земјата, со потенцијал за пошироки импликации. И како, по правило, и овој случај, ги потврди шемите што се препозанаваат кога од недоволно внимание или од недоволна професионална посветеност се „протнуваат“

дезинформации („изградбата на црквата“) или злонамерно контекстуализирање и врамување („Како да апсат терористи!“), до наведувачки, мисинформации, од типот „сите села во близина се албански, освен Галате, кое е македонско, целосно православно“.

Од другите настани во текот на периодот опфатен со мониторингот на медиумите, се издвојува серијата содржини што се провлекуваше речиси низ сите денови предвидени за оваа анализа, а  се однесуваше на реакциите што ги предизвика Уставниот суд со најавата дека ќе го укине „балансерот“ односно Законот за правична застапеност.

Одлуката на Уставниот суд со која се укина балансерот, алатка за вработување во јавната администрација по етнички клуч, покрена важни прашања за правичната застапеност на различни етнички заедници во државата, а истовремено и политички реакции и контроверзии.

Сепак, иако станува(ше) збор за исклучително чувствителна тема, во медиумското известување за неа не се забележаа содржини со дезинформации. Одредени новинарски анализи на оваа тема гледаа како на потенцијал за криза во владината коалиција бидејќи една од партиите во новата извршна власт – ЗНАМ, уште во првите два месеци од почетокот на работата најави дека Законот за правична застапеност треба да се преиспита.

Иако оваа нивна иницијатива се совпадна со агендата на Уставниот суд во врска со ова прашање, освен што доминираше извесен период како централна медиумска содржина, не беше проткаена со дезинформации. Известувањата главно останаа во рамките на прифатливи новинарски формати и стандарди, освен со извесна наклонетост на медиумите, особено меѓу порталите на албански јазик, кон опизициските партии на Албанците во Македонија, кои известувањата ги контекстуализираа во рамките за наводната криза во владината коалиција.

Предмет на мониторинг и анализа за потребите на овој преглед, беа и серијата убиства и криминални пресметки главно во средините со доминантно насаление од албанската етнича заедница (Чаир и Арачиново).

Но и покрај чувствителноста на овие настани, може да се каже дека медиумите целосно се потпираа на фактографските соопштенија и извадоци од билтените на Министерството за внатрешни работи и не беа забележани дезинформации или шпекулации што можеа да

предизвикаат злонамерен или наведувачки контекст за овие настани.

Единствен заклучок што може да се изведе од мониторингот, а кој требаше да покаже дали се точни предупредувањата дека „има индиции дека високи поранешни функционери, кои располагаат со милионски суми, мобилизираат луѓе на терен за манипулација и се обидуваат да испровоцираат етнички конфликт", е дека токму овие најави се, всушност, дезинформации.

## *Тематски блок* II

## „БЕЗБЕДНОСНИТЕ ПРАШАЊА ВО РЕГИОНОТ" МОЖЕ ДА ДОБИЕ НАСЛОВ: СЕ ПОТВРДУВА МИСЛЕЊЕТО ДЕКА ТРИАГОЛНИКОТ СРБИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА И КОСОВО, СЕ ГЛАВНИТЕ ИЗВОРИ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Во однос на тематскиот блок „Безбедносните прашања во регионот" доминираа повеќе теми од кои посебен интерес за овој преглед беа:

- Битката со дезинформации меѓу Србија и Косово;
- Прелевањето на медиумски содржини од изборите во Молдавија и малигното влијание на Русија во таа земја која вклучувала и кампови за обука во Босна и Херцеговина;
- Отворањето на сезоната на дојави на бомби во Белград, Сараево и Подгорица; и
- Катастрофалните поплави во Босна и Херцеговина и Црна Гора.

Меѓусебното обвинување за пласирање на дезинформации меѓу Приштина и Белград започна со изјавата на косовскиот премиер Албин Курти, со која тој побара враќање на копнената безбедносна зона на периметар од пет километри долж границата на Косово со Србија, (Во центар) поради, според него, заканите со војска и артилерија што Србија ги упатува кон Косово во последните две години.

Курти ја обвини војската на Србија дека била на 50 метри од линијата со Косово, но дека, како што кажа, „војниците избегале" штом биле забележани и додаде дека станува збор за поттикнување тензии.

На овие наводи возврати премиерот на Србија Вучевиќ кој реле дека на Курти му се привидува српска војска на Косово, (ПлусИнфо). „Војската на Србија секојдневно е во контакт со командата на КФОР, дури имаме и заеднички патроли. На Албин Курти постојано му се привидуваат активности на Војската на Србија, со што се обидува дополнително да ја подигне тензијата и од страна да го прикрие она што го прави, што доведува до огорченост. Војската на Србија ги извршува своите редовни задачи“, одговори српскиот премиер на новинарско прашање.

Тензиите во на релација Косово-Србија беа надополнувани и со други безбедносни прашања во овој период како она за уште едни протести на Србите во северна Митровица заради апсењето на Александар Арсенијевиќ, (Фактор) лидерот на партијата на косовските Срби.

Во тој контекст дојде и изјавата на германскиот канцелар Олаф Шолц (Макфакс) по самитот за Берлинскиот процес, кој ја истакна важноста на соработката во регионот на Западен Балкан, кој, како што рече, се уште е оптоварен со проблеми од минатото.

На другата страна на триаголникот Белград-Приштина-Сараево, во Босна и Херцеговина внимание предизвика информацијата дека во специјални кампови во оваа земја биле обучувани лица што требало да предизвикаат немири во Молдавија за време на референдум и претседателските избори што се одржаа во октомври и почетокот на ноември.

Министерот за надворешни работи Елмедин Конаковиќ изјави дека Босна и Херцеговина мора да биде во постојана готовност поради малигното руско влијание (Макфакс), и дека наводите за обука на лица што требаше да предизвикаат немири во Молдавија треба да бидат темелно истражени.

До ова прелеавње на информациите од Молдавија во регионот на Западен Балкан дојде откако молдавската полиција извести дека извршила рации во целата земја и уапсила неколку лица под сомнение дека подготвувале немири по инструкции од Русија, што требало да го попречат референдумот.

Истрагата на молдавската полиција претходно доведе до информации дека Русија вложила значителни ресурси и пари за да не го попречува референдумот и да влијае на претседателските избори, па затоа организирале специјална обука на своја територија, но и во Србија и Босна и Херцеговина. Според собраните информации, таму биле

обучувани млади луѓе, кои требало да учествуваат во проруски демонстрации.

Откако се појавија и проширија овие информации, немаше дополнителни медиумски содржини од кои можеа да се потврдат или негираат овие наводи, со исклучок на изјавата на Ненад Нешиќ, коалицискиот партнер на лидерот на босанските Срби, Милорад Додик, кој експресно демантираше и ги обвини медиумите за ширење неточни информации, „кои апсолутно немаат врска со Босна и Херцеговина".

Кон крајот на септември беше отворена сезоната на дојави на бомби во Белград, Сараево и Подгорица (Рацин).

Со дојава за бомба и под закана бил познатиот Сава Центар во Белград. Заканата била испратена на електронската пошта до повеќе медиуми и поради што била преземена евакуација на концертната сала „Сава Центар" во Белград, известија српските медиуми.

Дојави за поставени експлозивни направи имало и во Претседателството на Босна и Херцеговина, како и во неколкку трговски центри во Сараево.

Кантоналното обвинителство на Сараево и полициските службеници на полициската управа привеле две малолетни лица за кои постои сомнеж дека лажно пријавиле постоење на експлозивни направи (Независен) во средни училишта во главниот град на Босна и Херцеговина, со што, на одреден начин, се потврдило дека станува збор за лажни дојави.

Вести за дојави за бомби во во текот на 24 часа на 26 и 27 септември пристигнаа и од Подгорица, Црна Гора.

Вработените во зградата во која се сместени Вишиот суд и Врховниот суд во Подгорица биле евакуирана, а специјалната полициска единица извршила проверка на просториите, јавија подгоричките медиуми.

Во однос на останатите теми што доминираа во овој период останува да се издвојат медиумските содржни за катастрофалните поплави и последиците од нив.

Во катастрофалното свлечиште на земјиштето предизвикано од обилните дождови во Јабланица во Босна и Херцеговина животите ги загубија повеќе од дваесеттина.

Вестите беа вознемирувачки, но во медиумските известувања, односно поточно, во пренесувањето на вестите од оваа катастрофа, немаше

отстапувања од професионалните медиумски стандарди.

Иако, како што напоменуваме, се работи за пренесување на содржини што ги објавуваа локалните медиуми од местото на катастрофата, известувањето во Македонија се движеше во рамките на утврдените препораки за извесувања од катастрофи, односно без непотребен сензационализам.

## *Студија на случај*

## КАКО СЕ ГЕНЕНРИРААТ И КАКО СЕ ШИРАТ ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ НА БАЛКАНОТ

Во периодот предвиден за мониторинг на медиумските содржини за подготовката на овој преглед и анализа, една од доминантните теми беа транспортните коридори што поминуваат низ Балкан, особено Коридорот 8 и Коридорот 10.

Во определување на аголот на новинарските известувања или содржини се тргнуваше од интересите на земјите и на медиумите од тие земји што известуваа за настаните или процесите што се оденесуваат на важноста на овие коридори за секоја од дражвите кои се засегнати и низ кои поминуваат патните или железничките инфраструктурни линии.

Дури може да се каже дека се водеше, можеме така да ја наречеме „војна за коридорите“, особено меѓу Северна Македонија и Бугарија, во која свој интерес да се вклучи си најде и Србија.

Во таа „војна“ ја бележиме и оваа студија на случај во која се користеа и дезинформации за да создадат перспектива на „победници“ и „победени“ во битката за коридорите.

Во екот на полемиката меѓу Северна Македонија и Бугарија, во Бугарија се појави напис со наслов „Белград: Го ликвидиравме Коридорот 8, градиме Белград-Скопје-Атина“ (БГНЕС). Во написот на агенцијата од Бугарија, што известуваше за ставовите на поранешниот министер за транспорт на Србија Горан Весиќ, освен зборот **„ликвидиравме“**, беше наведен и изразот **„го спречивме тоа мрачно сценарио“**, во контекст дека Србија со тоа се изборила, наместо Коридорот 8, да се обнови динамиката на работите на Коридорот 10.

Токму овие два изрази - **„ликвидиравме“** и **„го спречивме тоа мрачно сценарио“**, кои се прилично силни и невообичаени за еден политички коректен говор на политичар, беа доволно за да се вклучи алармот што налага проверка на една вака структурирана медиумска содржина.

Она што беше интересно, кога го почнавме пребувањето на фактите за оваа вест, дојдовме до сознание дека истите изрази се употребени и во дел од српските медиуми при известувањето за оваа тема. Но, наместо тука да заврши пребарувањето, продолживме да го бараме изворот, па стигнавме до белградски ТВ Курир и емисијата „Вжештување“ („Usijanje“ на Курир.рс) од 11 октомври 2024 година во која гостува министерот Весиќ. Темата на емисијата е посетата на турскиот претседател Ердоган на Белград, кој во својата делегација го вклучил и турскиот министер за транспорт кој, пак, со неговиот српски колега разговарал за транспортното поврзување на регионот.

Во таа емисија е емитуван и делот од разговорот со Весиќ од кој е изведена веста што е предемет на оваа студија на случај за тоа како се генерира дезинформација.

Еве го тој дел од исказот на Весиќ:

**„Железниците се геополитика и за нас е важно што сите излези од Запеден Балкан водат преку Србија. Ние успеавме да се избориме да се обнови Коридорот 10. ЕУ почна да го форсира коридорот преку Романија (за поврзување со Бугарија, Грција и Турција, н.з.), како и коридорот 8 од Албанија до Бугарија, оној што поминува низ Северна Македонија. Но, за нас е многу важно што успеавме да се избориме да бидеме централна земја низ која поминуваат брзи пруги и целиот Западен Балкан поинаку не може да излезе кон Европа и кон исток“.**

Како што може јасно да се чуе и да се види, во овој исказ ги нема термините „ликвидиравме“ и „го спречивме тоа мрачно сценарио“. Но, токму тие изрази беа „имплантирани“ во веста од оваа емисија, чии делови пренесоа и другите српски медиуми како и оние во Бугарија.

Класично креирање на дезинформација со силни кликбејт зборови пласирани преку прокси засилувачи.

За жал, таквата модифицирана информација ја пренесоа и дел од македонските медиуми (Рацин).

# „ВОЈНАТА ВО УКРАИНА И ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ“ СЕ ТРАНСФОРМИРАА ВО СЕНЗАЦИОНАЛИСТИЧКИ ВРАМУВАЊА И НАКЛОНЕТОСТ

Војната во Украина почна во февруари 2022 година, но заканите од руските дезинформации и пропаганда се регистрирани уште во 2015 година кога Европската Унија и НАТО и официјално ги прифатија како исклучително сериозни веднаш по руската анексија на Крим и војната во Украина кога интензитетот на кампањите со дезинформации, вклучувајќи и говор на омраза, доби загрижувачки размери и се преселија во зоните на интерес на Рсуаката федерација.

Во студијата Russia’s Strategic Interests and Tools of Influence in the Western Balkans на Центарот за извонредност за стратешки комуникации на НАТО (Strategic Communications Centre of Excellence), авторот Димитар Бечев констатира дека „главната цел на Русија на Западен Балкан не е да го ревидира статус квото, туку да го замрзне. Таа би сакала да го спречи ширењето на НАТО и да го забави проширувањето на ЕУ. Сегашната ситуација е во согласност со стратешките интереси на Русија. Западен Балкан е неформално интегриран на Запад, но тоа не се претвори во демократска консолидација на домашно ниво или во целосно решавање на конфликтите меѓу државите. Москва има корист од внатрешните проблеми во регионот, а не од неговото создавање: отворени спорови кои датираат од војната во 1990-тите, односот љубов-омраза со Западот, слабите институции, компромитираниот владеење на правото, заробените медиуми, слабите економии и општиот недостаток на транспарентност и отчетност“.

Според Бечев, (Stratcomcoe.org) Русија претпочита да влијае без многу ресурси и главно со помош на локалните соработници. „Наместо да распоредува војници во поранешна Југославија за да ја наруши локалната рамнотежа на силите на еден или на друг начин, Русија се потпира на политичка интервенција преку дипломатски иницијативи, мешање во внатрешната политика и информативни кампањи“, посочува Бечев.

Уште еднаш 2015 година се појавува како референтна точка за руската пропаганда на Балканот. Таа година непосредно по анексијата на Крим и првата војна во Украина, Руската Федерација ја отвора Радиот станицата Спутник во Србија, која нешто подоцна е дополнета со Агенцијата Спутник. Радиото и агенцијата Спутник делуваат како хаб за регионот со информативен сервис на српски јазик достапен во регионот, дополнети со мрежа од повеќе од триесет регионални станици. Содржините на радиото и на агенцијата се шират и низ локалните печатени и онлајн медиуми, вклучувајќи ги и високотиражните таблоиди и гледаните ТВ станици како што се Блиц, Курир, Информер, Вечерње новости, и Б92.

Присуството на Русија во информативниот простор на Западен Балкан, според студијата Russia's Strategic Interests and Tools of Influence in the Western Balkans на Димитар Бечев е во средиштето на активностите на Кремљ, ако се знае дека Спутник е сонован со декрет на Владимир Путин.

Зоните на влијание на Спутник, освен Србија и Босна и Херцеговина со акцент на Република Српска, се протегаат и на  Црна Гора, српското население во Косово и, во извесна смисла, Северна Македонија.

Делувањето на руските средства за информирање во Северна Македонија е регистрирано во повеќе наврати: Sputnik Analyst Claims Macedonians Dislike EU and NATO. Polls Show Majority Support, #ElectionWatch: Sputnik Misleading in Macedonia.

Во Северна Македонија Спутник нема сопствен медиуми и неговото делување е главно преку „прокси“ медиуми во земјата и доминантно преку социјалните мрежи во периоди кога во земјата се одвиваат политички процеси поврзани со стратешките цели или изборни кампањи.

Во периодот опфатен со мониторинг за подготовката на овој преглед во Северна Македонија немаше некој посебен политички процес поврзан со стратешките интереси на земјата или изборна кампања, но регистриравме неколку симптоматични медиумски содржини кои реферираат на она што е погоре нашишано.

На 5 септември осамна една медиумска содржина со наслов „Извештај на ОН: Украинските вооружени сили мачат руски заробени војници во гаражи и подруми“ (Република.мк), што секако веднаш го привлече нашето внимание.

Пребарувањето со цел да се провери оваа информација покажа дека се работи за дезинформација, односно мисинформација. Спорната медиумска содржина е издвоена, односно е само дел од извештајот на УНХЦР. Таков извештај УНХЦР објавува два пати годишно ги опфаќа двете страни, и Украина и Русија, а не само една.

Многу е важно да се напомене, а медиумската содржина што ја анализиравме не го опфати тоа, е констатацијата на УНХЦР дека нивните претставници имале целосен и непосреден пристап до украинските затвори каде што се руските воену заробеници и за потребите за извештајот се правени интервјуа директно со нив. Од друга страна руските воени власти не им овозможуваат пристап на набљудувачите на УНХЦР во руските затвори, па во извештајот се наведуваа сведоштва на украинските војници кои поминале одреден период како затвореници пред да бидат разменети за руски.

Овој тип на селектирани или врамувани информации забележавме и во деновите кога беше вредна за вест темата дека Северна Кореја започнала да испраќа свои војници во руските воени кампови за да се обучат и потоа да бидат распоредени на фронтовите во Украина.

Еден од насловиите е прилично симптоматичен во таа насока: 10.000 КОРЕЈСКИ ВОЈНИЦИ ЌЕ СЕ БОРАТ ЗА РУСИЈА: Еве колку се опасни воините на Ким и што носат во Москва (Пулс24).

Освен овој тип врамени информации, дел од медиумите подлегнаа и од потребата за сензационализам и за кликбејт содржини, па видовме и вакви наслови: „Прв чекор кон светска војна“ – Северна Кореја испраќа 10.000 војници да се приклучат на руската страна во украинската (Слободен печат).

Уште еден тренд кој отвора врата за дезинформации е сè почестото користење на информации кои се собираат од блогови, на автори за кои нема со сигурност податоци дали се релевантни авторитети.

Содржина која е креирана врз основа на воените блогери е оваа со наслов (Видео) Русите погодија два „патриоти“, објавена снимка (Макфакс). Она што е добро, во овој конкретен случај е што медиумот ја проверил и втората страна сп што веста е додполнета со следната информација: Руската армија објави дека погодила два американски системи за воздушна одбрана „Патриот“ во Украина, додека Киев го потврди нападот на ова скапо оружје, но ја минимизираше претрпената штета.

Кон крајот на мониторингот на медиумските содржини за потребите на оваа анализа порталот „Вистиномер“ беше објавен текст со ннаслов „Неисцрпна инспирација за дезинформации – новиот наводен луксуз на Зеленски е „мерцедесот“ на Хитлер“ (Мета) кој се дебанкира една дезинформациија дека Зеленски наводно трошел пари наменети за украинската армија. Овојпат се тврди дека тој го купил познатиот „мерцедес-бенц 770“, чиј најпознат сопственик бил Хитлер. Веста доаѓа од „новинскиот портал“ Сиетл Трибјун, кој е создаден неколку дена пред да биде објавена ударната вест, а главен извор е манипулирана скриншот фотографија од Телеграм. Не само што не постои таква објава на Телеграм групата што се цитира, туку и илустрацијата е монтирана од две различни фотографии. Овој нов напад врз Зеленски следи само неколку дена откако тој беше во САД, каде што го презентираше својот „План за победа“.

Она што е добро во овој случај, ако воопшто може да има нешто добро кога станува збор за дезинформациите, е што кај нашите медиуми не се преземаат и шират дезинформации од социјални мрежи кои се вистинско „Елдорадо“ за креаторите на такви содржини, иако е тенка и прилично порозна границата која не штити од оваа дезинформациска агресија.

## *Тематски блок IV*

## „КРИЗАТА И ВОЕНИТЕ ДЕЈСТВИЈА НА БЛИСКИОТ ИСТОК“ МОЖЕ ДА ДОБИЕ НАСЛОВ МЕДИУМИТЕ НЕ ПОДЛЕГНАА НА ИСКУШЕНИЈАТА

Ако за медиумските содржини за Украина заклучивме во еден дел дека блогерите стануваат извори на информации, за кризата на Блискиот исток, особено за воените конфликти на Израел со Хамас, со Хезболах и со Иран, беше забележлив трендот на користење на платформата „Х“ како место од кое се прибираа вестите за ова кризно жариште.

Тоа не е спорно, но дури и во такви случаи, кога се користат информации од платформата Х мора да се наведат податоци за кредитибилноста, веродостојноста и релевантноста на изворот, што не беше случај за медиумската содржина со овој наслов КОЛОНИ ВОЗИЛА, ЛИБАНЦИТЕ БЕГААТ ОД СМРТТА Илјадници мештани побегнаа од јужен Либан, на пример. (ПлусИнфо)

Друг таков пример е содржината со наслов Хезболах: Израел фрла летоци со многу опасен QR код (Вечер Прес), а се работи за многу интересен напис, кој без наведен извор, останува да биде дилема дали и колку е точен.

Во случајот на медиумските содржини од Блискиот исток мониторирани во овој период, исклучително значајно е што констатиравме дека кога станува збор за последиците од хуманитарната катастрофа што ги донесе овој сериозен вооружен конфликт, медиумите се држеа до официјалните извори како што се УНХЦР, Црвениот крст, Меѓунордната организација за мигарции (IOM) и други.

Со еден збор, медиумите не подлегнаа на искушенијата и главно се држеа до официјалните извори до кои можеа да дојдат или до кои имаа пристап за да информираат за случувањата на Блискиот Исток.

## *Тематски блок V*

# „ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ ВО САД“ МОЖЕ ДА ДОБИЕ НАСЛОВ „ИЗБОРНО ШОУ“

Некаде на почетокот на мониторингот на медиумите за потребите на овој преглед се појавија написи што известуваа дека САД ја обвини Русија дека води кампања за влијание врз американските избори во 2024 година (Фокус), а со помош на онлајн платформи за ширење дезинформации пласирани на избирачите.

Обвинувањата беа упатени на адресата на првите луѓе на RT и други лица поврзани со овој руски медиум дека тајно регрутирале влијателни лица на социјалните мрежи и се обидувале да влијаат на јавното мислење со ширење прокремљовски наративи. Целта била да се убеди американската јавност дека САД треба да престанат да ја поддржуваат Украина.

Тоа беше доволно оваа тематска целина „Претседателски избори во САД“ од аспект на дезинформациите да биде вклучена во овој преглед.

» Сепак, едномесечното следење на медиумите и медиумските записи што беа доминанти на агрегаторот на вести Time.mk покажа дека македонските медиуми не беа користени за пласирање на дезинформации.

- Редакциите што известуваа или преземаа содржини за текот на изборите во САД ги почитуваа стандардите за избалансирано пласирање на информациите.
- Некои портали дури ангажираа и дописници за да известуваат за изборите (Рацин).
- За разлика од содржините на мејнстрим медиумите, социјалните мрежи беа преполни со дезинформации, како што регистрираше Вистиномер.

Дезинформациите главно ја таргетираа Камала Харис и се карактеристични не само поради тоа што се работи за невистини, туку и за тоа што се родово специфични, зачинети со стереотипи и предрасуди, кои ја напаѓаат способноста на една жена да се најде на моќна позиција. Она што циркулираше на интернет  Харис, по правило беше поврзано со нејзиниот пол, нејзината боја на кожата и нејзините корени од Индија и Јамајка, пишува Вистиномер.

За среќа, како и во случајот на тематската целина за Украина, дезинформациите на социјалните мрежи не се прелејаа во мејнстрим медиумите.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

За новинарите кои покриваат чувствителни теми од безбедносен карактер, автентичноста на информациите е од витално значење. Заштитата на чувствителните податоци и препознавањето на лажните информации бараат дисциплина, обука и употреба на современи алатки и методи. Следењето на овие најдобри практики не само што го штити новинарот и неговите извори, туку и ја обезбедува точноста и интегритетот на информациите што се пласираат во јавноста.

Од прегледот дезинформациите, злонамерните и наведувачки информации во медиумскте содржини од земјата и регионот за актуелни безбедносни теми, може да се препознае дека има одредено двојство кога се работи за дезинформациите. Од една страна медиумските содржини од домашната сцена и од регионот се до одреден степен подложни за пробивање на дезинформации, додека, од друга страна, кога станува збор за вести што се однесуваат на поважните светски настани или процеси, што немаат посредна, директна, поврзаност со Северна Македонија, медиумите се повнимателни.

Ова може да се објасни од неколку аспекти. Настаните и процесите на домашната сцена се „контролирани“ или се влијаени од одредени центри на моќ што не се воздржуваат и од тоа да користат

дезинформации кои ги пласираат во медиуми блиски до нов, иако мора да се каже дека тие немаат некојн особен ефект, особено не од безбедносен аспект.

Во однос на медиумските содржини што доаѓаат од регионот, сликата станува малку поинаква заради фактот што дезинформациите во овој контекст, тогаш кога доаѓаат од машинеријата за пропаганда и дезинформации од Русија, степенот на загриженост и неопходноста од внимателност се подигаат на многу повисоко рамниште. Тоа се гледа и од посочените примери во анализата, во поглавјето „Безбедносните прашања во регионот“.

Пропагандата и дезинформациите остануваат силни алатки во модерните конфликти, но одговорните и информирани новинари можат да помогнат во разоткривањето на вистината и во зачувувањето на интегритетот на медиумите.

Затоа, овој тип на анализи што ги утврдуваат факторите што создаваат средина за ширење на дезинформации е важно да се афирмираат за да се промовира критичкиот пристап на редакциите и новинарите кон овие прашања, како и да се развива критичкиот однос на медиумската публика и медиумската писменост за зајакнување на кашацитетите и вештините за разобличување на дезинформациите.

**Автор: Зоран Бојаровски**

Оваа анализа е во рамки на проектот „Зајакнување на отпорноста на медиумите против дезинформациите во Северна Македонија“, поддржан од Амбасадата на САД.

Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени во оваа сторија се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат оние на Владата на САД.